**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**Komisioni Rregullator për Banim**

**До** „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО
Скопје
ул."Багдадска" бр.23
1000 Скопје

**Наш број:** Уп08-06
**Дата:** 10.07.2025 г

**Предмет**: Известување

Почитувани,

Регулаторната комисијата за домување, на својата редовна седница одржана на 10-07-2025 година, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-06 од 10-07-2025 година, на правниот субјект „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје, со ЕМБС 7531389 со седиште на ул."Багдадска" бр.23 Скопје. Лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-20/3 од 15-10-2021 година, се одзема бидејќи правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став 4 точка 2 од Законот за домување, не ги исполнува. Регулаторната комисија за домување Ве известува дека правното лице Лиценцата издадена на име на „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје, да ја врати во рок од осум дена од денот на правосилност на решението. Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени на згради бр.Уп08-06 од 10-07-2025 година, на правниот субјект „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје.

Фирмата „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје, да постапи согласно член 21 став 2 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и ("Службен весник на РСМ" бр.302/2020) бидејќи доколку на управителот му е одземена лиценцата за вршење на дејности за управување со станбена зграда согласно членот 10 од законот за домување, истото претставува основ за еднострано раскинување на договорот за вршење на управувачки услуги и истиот е должен да ги исполни обврските согласно членот 30 од овој закон. Исто така до Регулаторна комисија за домување да достави доказ за секој објект за подмирени обврски а согласно член 30 од Законот за домување, односно управителот е должен да изготви завршен извештај за своето работење кој содржи и детален финансиски извештај, на денот на престанување на договорот за вршење на управувачки услуги. Средствата евидентирани на сметката на денот на престанување на договорот управителот е должен да ги пренесе на сметката за резервен фонд, што за станбената зграда ја отворил новиот управител во рок од осум дена. По престанување на договорот за вршење на управувачки услуги управителот е должен да му ги достави на новиот управител сите договори, дозволи и другите исправи што се однесуваат на управување со станбената зграда и да ги извести сите обезбедувачи и изведувачи кои извршуваат набавка, односно вршат услуги за станбената зграда.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска

**До:** „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје
ул."Багдадска" бр.23
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-06
**Дата:** 10.07.2025 г

**Предмет:** Решение за одземање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022 и бр.224/2024) и член 6 став 1 и став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), на седницата одржана на 10-07-2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. **Се одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-20/3 од 15-10-2021 година, на правниот субјект „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје, со ЕМБС 7531389 со седиште на ул."Багдадска" бр.23 Скопје.
2. Решението влегува во сила од денот на правосилност.
3. Се известува правниот субјект „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје, да ја врати лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-20/3 од 15-10-2021 година, на Регулаторна комисија за домување во рок од осум дена од денот на правосилност на решението за одземање на лиценцата.

Образложение

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 бр.150/2022 и бр.224/2024), и на член 6 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), **ја одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-20/3 од 15-10-2021 година, на правниот субјект „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје. Бидејќи Регулаторната комисија за домување согласно своите надлежности од член 109 став 1 точка 10 од Законот за домување при вршење на периодична

проверка на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата, а по добиени податоци од Агенција за вработување на РСМ од 26.06.2025 година, констатира дека правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став 4 точка 2 од Законот за домување, **не ги исполнува**, поточно **нема** најмалку три вработени лица од кои едно со високо образование (дипломиран правник или дипломиран економист) и две лица со најмалку средна стручна подготовка.

Регулаторната комисија за домување согласно надлежностите од член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 бр.150/2022 и бр.224/2024), како и согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбена зграда ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), е надлежна да издава, продолжува и одзема лиценци за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.

На седницата одржана на 10-07-2025 год., Регулаторната комисија за домување, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-20/3 од 15-10-2021 година, на правниот субјект „КЛИНИНГ-СОЛУШНС" ЛТД ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Решението за одземање на лиценца, дозволена е тужба пред Управниот суд, во рок од 30 дена од приемот на решението.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Регулаторната комисија за домување во рок од 8 дена по поднесување на тужбата.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Мацовски

Изготвил: Јасмина Петреска